Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-27 139-24
12-03-2015 год.

Врз основа на член 189 од Статутот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно член 43 став 1 алинеја 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 268/2013), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата 421. седница одржана на 12.03.2015 година, донесе

# ОДЛУКА

## за започнување на постапката за избор на декан на Градежниот факултет во Скопје за мандатниот период од 2015-2019 година

1. Започнува постапката за избор на декан на Градежниот факултет во Скопје за мандатниот период од 2015-2019 година.

2. Секој редовен и вонреден професор, како и секој доцент на Градежниот факултет во Скопје има право, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука, да се кандидира за декан.

3. Пријавените кандидати до изборната комисија доставуваат пријава и програма за мандатниот период.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Република Македонија
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

**Декан,**

**Проф. д-р Милорад Јовановски**

*Доставено до:*
- Изборна комисија
- Архива
- Огласна табла